**ПРАВИЛНИК**
**за ММО и екипи на меѓународните натпревари за учебната 2024/25**

1. На 32. Македонска Математичка Олимпијада (ММО 2025) ќе се поканат приближно 40 ученици, избрани како најдобри од Комисијата за ММО и меѓународни натпревари за средно образование, врз основа на резултатите од последниот Државен натпревар по математика за ученици од средните училишта (оној што ќе се одржи на 8. Март, 2025).
2. Директен пласман на ММО 2025 има секој ученик кој на БМО 2024 или ИМО 2024 освоил медал. (Овој услов го исполнуваат учениците **Дамјан Давков**, **Леонид Тодороски** и **Алексиј Тасиќ**.)
3. Директен пласман во македонската екипа за БМО 2025 и ИМО 2025 има секој ученик кој на БМО 2024 или ИМО 2024 освоил златен медал. (Овој услов го исполнува единствено ученикот **Дамјан Давков**.)
4. На 32. ММО учениците ќе решаваат 5 задачи во времетраење од 270 минути. Секоја целосно решена задача се вреднува со 8 поени.
5. Околу (не помалку од) половина од натпреварувачите на 32. ММО ќе освојат златен, сребрен или бронзен медал. Бројот на доделени златни, сребрени и бронзени медали ќе е приближно во однос 1:2:3. Учесниците на 32. ММО кои нема да освојат медал, но имаат барем на една целосно решена задача, ќе добијат пофалница. Сите учесници ќе добијат сертификат за учество.
6. Со завршувањето на 32. ММО, учениците рангирани на повисоко од 13-то место се квалификуваат за учество на две тестирања (во продолжение именувани Тест 1 и Тест 2) за избор на олимписките екипи. Учениците се рангираат според освоените поени на 32. ММО. Во случај да има два или повеќе ученици со еднаков број на поени се рангираат на истото највисоко место, а следното/следните места се прескокнуваат.
7. По завршувањето на 32. ММО, во рок предвиден за пријавување на екипата за Балканската Математичка Олимпијада (БМО 2025), ќе се организира Тест 1. Форматот на Тест 1 ќе биде идентичен со БМО форматот: во еден натпреварувачки ден, во времетраење од 270 минути, натпреварувачите ќе решаваат 4 задачи. Секоја целосно решена задача се вреднува со 10 поени.
8. По завршувањето на Тест 1 ќе се изготви ранг-листа на која за секој учесник се собрани поените од 32. ММО (максимум 40) и поените од Тест 1 (максимум 40). Учениците со еднаков број на поени се рангираат според освоените поени на Тест 1. Прворангираните 5 натпреварувачи според оваа листа изземајќи го Дамјан Давков го комплетираат БМО тимот за оваа година. Во случај да има (вкупно) повеќе од 5 ученици рангирани на повисоко од 6-то место, тогаш за најнискорангираните меѓу нив одлучуваат резултатите остварени во сениорска конкуренција на Шестиот меморијален математички натпревар „Александар Блажевски - Цане“ (неучество е еквивалентно на 0 поени), а останатите влегуваат директно во тимот. Доколку

сеуште има повеќе ученици на делба на место за БМО екипата, тогаш за нив се организира дополнително тестирање од форматот на Тест 1.

9. По завршувањето на БМО 2025, во рок предвиден за пријавување на екипата за Интернационалната Математичка Олимпијада (ИМО 2025), ќе се организира Тест 2. Форматот на тестот ќе биде идентичен со ИМО форматот: во текот на два последователни дена, во времетраење од 270 минути, натпреварувачите ќе решаваат по 3 задачи дневно. Секоја целосно решена задача се вреднува со 7 поени.
10. По завршувањето на Тест 2 ќе се изготви ранг-листа на која за секој учесник се собрани поените од 32. ММО (максимум 40) и поените од Тест 1 (максимум 40) и Тест 2 (максимум 42). На овие поени се додаваат: 14 поени за освоен златен медал на БМО 2025, 11 поени за освоен сребрен медал на БМО 2025 и 7 поени за освоен бронзен медал на БМО 2025. Учениците со еднаков број на поени се рангираат според освоените поени на Тест 2; а при еднаков резултат на Тест 2, според поените освоени на Тест 1. Прворангираните 5 натпреварувачи според оваа листа изземајќи го Дамјан Давков го сочинуваат ИМО тимот за 2025. Во случај да има (вкупно) повеќе од 5 ученици рангирани на повисоко од 6-то место, тогаш за најнискорангираните меѓу нив одлучуваат резултатите остварени во сениорска конкуренција на Шестиот меморијален математички натпревар „Александар Блажевски - Цане“ (неучество е еквивалентно на 0 поени), а останатите влегуваат директно во тимот. Доколку сеуште има повеќе ученици на делба на место за ИМО екипата, се организира дополнително еднодневно тестирање (3 задачи).